ПРАКСИС

Број на Службен весник:114/2012

Датум на објава на Службен весник:14.09.2012

Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2012), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА КОРИСТЕЊЕ ПОД ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ПОМОШЕН ОБЈЕКТ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за користење под закуп на земјоделско земјиште на кое е изграден бесправен помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи и потребната документација.

## Член 2

Барањето за користење под закуп на земјоделско земјиште на кое е изграден бесправен помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи се поднесува на образец: “Барање за користење под закуп на земјоделско земјиште на кое е изграден бесправен помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи“ во формат А4 во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Кон барањето од член 2 од овој правилник се доставува следната документација:

- уверение за државјанство или копија од важечка лична карта за физичко лице, односно копија од патна исправа за странско физичко лице или решение од Централен регистар на Република Македонија за правно лице не постаро од еден месец односно од соодветна институција во државата во која странското правно лице има седиште;

-геодетски елаборат за земјоделското земјиште на кое е изграден бесправниот објект и

-одобрение за потврдување на бесправно изграден објект издадено од страна на единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е изграден бесправниот објект или оранжерија.

Потребната документација од став 1 на овој член се доставува во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 22-8370/5
11 септември 2012 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**Прилог**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

## БАРАЊЕ
**за користење под закуп на земјоделско земјиште на кое е изграден бесправен помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи**

1.Податоци за подносителот на барањето.

Име и презиме  на физичкото лице/назив на правното лице __________________
Адреса на живеење/седиште на правното лице ________________________________
Лице за контакт ___________________________ тел. _____________________

2.Барањето за регулирање на корисничкото право врз земјоделско земјиште во државна сопственост на кое е изграден бесправниот објект __________ (вид на бесправно изграден објект) се поднесува за земјоделско земјиште опишано како КП.бр.______, мв.__________, култура ______, класа ____, површина ____ м2, евидентирана на Имотен лист бр. ______ за КО ________, во сопственост на ______________.

3.Кон барањето се доставува:
1.___________________________________________________________________________
2.___________________________________________________________________________
3.___________________________________________________________________________

**БАРАТЕЛ,**

______________________ ______________________
**Датум и место** **(потпис и печат)**